Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден дневните настани 20.01.2023

На 19.01.2023 во 16.00 часот полициски службеници од СВР Велес - ОВР Кавадарци ги лишиле од слобода О.Б.(39) и А.М.(42), двајцата од Кавадарци, поради тоа што А.М. во близина на училиште во Кавадарци му продал хероин на О.Б.. Потоа, врз основа на наредба од Основен суд Кавадарци, бил извршен претрес во домот на А.М., при што бил пронајден и одземен хероин. Лицата се приведени во полициската станица во Кавадарци и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветна пријава.

На 19.01.2023 во 21.00 часот на подрачјето на Аеродром, од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода А.П.(27) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.01.2023 во 20.45 часот на подрачјето на Гази Баба, од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода С.Б.(29) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.01.2023 во 09.00 часот на Граничниот премин „Долно Блаце" на излез од државата, при извршена пасошка контрола на Х.Ф.(22) од Р.Албанија е констатирано дека престојувал повеќе од 90 дена во изминатиот период од 180 дена. Тој бил приведен поради пречекорен престој во државата и предаден на полициски службеници од Одделението за прекугранични криминал, миграции, странци и редмисија за понатамошна постапка.

На 19.01.2023 околу 22.30 часот во Охрид е пријавен физички напад врз Х.П.(21) од Охрид од страна на С.К., С.К. и И.С., сите од Охрид, по што на Х.П. му била укажана лекарска помош во Општа болница Охрид. Според пријавеното од Х.П., во угостителски објект лоциран на кеј „Македонија" во Охрид, а потоа и надвор од објектот, физички бил нападнат од С.К., С.К. и И.С., сите од Охрид и притоа се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница во Охрид. Известен е јавен обвинителот и СВР Охрид пресема мерки за расчистување на случајот, по што ќе следува соодветна пријава.

На 19.01.2023 во 12.30 часот во Полициската станица Аеродром, О.Ј.(24) од Скопје пријавил дека во с.Долно Лисиче бил каснат од куче скитник.

На 19.01.2023 во 16.30 часот во Полициската станица Карпош, К.Н.(65) од Скопје пријавил дека на бул.„Илинден" бил каснат од куче скитник.

Во текот на вчерашниот ден (19.01.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкциониани се 193 возачи. Од ним 21 возило се движело со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 38 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 155 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (19.01.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 68 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 14 санкции, деветмерки за возење без возачка дозвола, осум за возење под дејство на алкохол...

На 19.01.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 19 прекршоци, од кои 14 надвор од населено место и 5 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 5 други видови на прекршоци.

На 19.01.2023 во 16.00 часот полициски службеници од СВР Велес - ОВР Кавадарци ги лишиле од слобода О.Б.(39) и А.М.(42), двајцата од Кавадарци, поради тоа што А.М. во близина на училиште во Кавадарци му продал хероин на О.Б.. Потоа, врз основа на наредба од Основен суд Кавадарци, бил извршен претрес во домот на А.М., при што бил пронајден и одземен хероин. Лицата се приведени во полициската станица во Кавадарци и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветна пријава.

На 19.01.2023 во 21.00 часот на подрачјето на Аеродром, од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода А.П.(27) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.01.2023 во 20.45 часот на подрачјето на Гази Баба, од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода С.Б.(29) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.01.2023 во 09.00 часот на Граничниот премин „Долно Блаце" на излез од државата, при извршена пасошка контрола на Х.Ф.(22) од Р.Албанија е констатирано дека престојувал повеќе од 90 дена во изминатиот период од 180 дена. Тој бил приведен поради пречекорен престој во државата и предаден на полициски службеници од Одделението за прекугранични криминал, миграции, странци и редмисија за понатамошна постапка.

На 19.01.2023 околу 22.30 часот во Охрид е пријавен физички напад врз Х.П.(21) од Охрид од страна на С.К., С.К. и И.С., сите од Охрид, по што на Х.П. му била укажана лекарска помош во Општа болница Охрид. Според пријавеното од Х.П., во угостителски објект лоциран на кеј „Македонија" во Охрид, а потоа и надвор од објектот, физички бил нападнат од С.К., С.К. и И.С., сите од Охрид и притоа се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница во Охрид. Известен е јавен обвинителот и СВР Охрид пресема мерки за расчистување на случајот, по што ќе следува соодветна пријава.

На 19.01.2023 во 12.30 часот во Полициската станица Аеродром, О.Ј.(24) од Скопје пријавил дека во с.Долно Лисиче бил каснат од куче скитник.

На 19.01.2023 во 16.30 часот во Полициската станица Карпош, К.Н.(65) од Скопје пријавил дека на бул.„Илинден" бил каснат од куче скитник.

Во текот на вчерашниот ден (19.01.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкциониани се 193 возачи. Од ним 21 возило се движело со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената, а три возила се движеле со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 38 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 155 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (19.01.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 68 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 14 санкции, деветмерки за возење без возачка дозвола, осум за возење под дејство на алкохол...

На 19.01.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 19 прекршоци, од кои 14 надвор од населено место и 5 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 5 други видови на прекршоци.

На 19.01.2023 околу 21.30 часот во Полициска станица Центар, З.Д.(42) од Скопје пријавила дека околу 16.00 часот во парк на кејот на реката Вардар, во близина на угостителски објект на подрачје на Центар, непознати малолетни син, откако несвојот домашен миленик бил нападнат од друг миленик, бил физички нападнат од сопственикот на миленикот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.01.2023 околу 21.40 часот во СВР Скопје е пријавено дека пред угостителски објект на подрачје на Бит Пазар, Б.Б.(25), В.М.(27) и З.И. биле физички нападнати од неколку лица, а подоцна Б.Б. и В.М агресивно се однесувале кон полициски службеници кои извршувале службени дејства. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.С., поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 17.09.2022 при извршен претрес на дом и други простории на пријавениот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово пронашле амфетамин, дигитална вага со остатоци од марихуана и предмет со траги од амфетамин.

На 19.04.2023 во 20.30 часот во СВР Скопје е пријавено дека на три локации на бул. „Партизански одреди", во близина на маркет и бензинска пумпа, и на ул.„Вич" кај маркет на подрачјето на Карпош настанал пожар во контејнери за смет, сопственост на Комунална хигиена - Скопје. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.01.2023 во 21.00 часот на подрачјето на Карпош полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.И.(33) од Скопје, постапувајќи по пријава околу 12.50 часот според која во семејната куќа на подрачјето на Гази Баба бил пронајден починат неговиот татко Џ.И.(62). Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт и повреди од огнено оружје. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје, а покрај починатиот биле пронајдени неколку чаури. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.01.2023 година во 15.30 часот, во полициското одделение во кичевското село Зајас, Ш.Д.(79) од селото Грешница пријавила дека на локалет пат во селото била касната од куче скитник.

На 20.01.2023 во 03.00 часот Н.Б.(43) од с.Трубарево пријавил дека на 19.01.2023 околу 20.40 часот во с.Трубарево, скопско, неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 19.01.2023 во 19.30 часот М.С.(64) од Скопје пријавил дека околу 18.00 часот на подрачјето на Кисела Вода бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 19.01.2023 во периодот од 18.00 до 24.00 часот полициски службеници на СВР Тетово спровеле засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата, реализирана на поширокото тетовско подрачје, биле санкционирани 5 возачи кои управуваат под дејство на алкохол, од кои кај 1 возач е утврдено присуство на алкохол поголемо од 2 промили. Петте возачи ведаш се исклучени од сообраќај, времено им се одземени возачки дозволи и изготовени им се соодветни поднесоци. Санкционирани се и 11 други видови сообраќајни прекршоци. Исто така, во периодот од 08.00 до 12.00 часот на поширокото гостиварско подрачје спроведена е акциска контрола за брзина со која се движат возилата надвор од населено место, односно на магистралниот пат Гостивар-Кичево. Откриени и санкционирани биле вкупно 5 пречекорувања на максимално дозволената брзина. На возачите-прекршители изготовени им се поднесоци и тие ќе се соочат со предвидените парични глоби.

На 19.01.2023 во 09.03 часот во СВР Скопје од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив бил донесен Д.С.(61) од с.Петровец, скопско, кој, според пријавеното, се здобил со тешки телесни повреди при извршување работни задачи во фабрика на подрачјето на Гази Баба. Полициски службеници од СВР Скопје излегле на местото, а известен бил и трудов инспектор.

На 19.01.2023 во 20.00 часот М.В.(32) од Битола пријавил дека околу 18.30 часот во Битола бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.А.(52) од с.Страјане, гостиварско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „насилство на спортски натпревар". На 17.09.2022 за време на фудбалски натпревар помеѓу екипи од Гостивар и Охрид, на фудбалскиот стадион во Голема Речица, тетовско, во времето од 15.00 до 15.55 часот, пријавениот физички го нападнал А.Б. (36) од Струга.

На 19.01.2023 во 09.50 часот во Полициска станица Аеродром е пријавено дека во облоѕвалницата на подрачјето на Аеродром, едно лице со закана од вработена одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.01.2023 во 20.45 часот бил пријавено дека на подрачјето на Аеродром автобусот кој стаело од патничко возило „давеј нексија" со скопско регистарски ознаки, сопственост на М.Д.(78) од Скопје, било оштетено од залутано зрно. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Бероово поднесе кривична пријава против Т.Ч.(48) од с.Мачево, беровско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Во временскиот период од 18.03.2022 до 30.06.2022 година, во атар на с.Русиново, беровско, на место викано „Дујевица", пријавениот, вработен како референт за сеча и дотур во ШС „Малешево"-Берово, без да извреди преглед и увид на шумска парцела во државна и приватна сопственост, незаконски и противправно дозволил сеча на дрва и издал исправки за транспорт, иако знаел дека парцелата не е во сопственост на Д.Н. и Р.Н., со цел да била предизвикана материјална штета во вредност од 170.596 денари.

На 19.01.2023 околу 20.40 часот во Полициско одделение Штип Оризари е пријавено дека во маркет на подрачјето на Штип Оризари три лица со закана од вработената одделе пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против М.М.(52) од с.Челопеци, кичевско и правно лице од Кичево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „соизвршителство" во врска со „вршење на јавен превоз без посредувачке лиценца". На 22.06.2022 во 13.00 часот на магистралниот пат во близина на шумската полициска станица во Кичево од полициски службеници од ОВР Кичево била извршена контрола на патничко возило „Волксваген поло", сопственост на правно лице, а управувано од М.М.. Притоа било констатирано дека М.М. возилото го управува без да поседува лиценца за вршење јавен превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од.КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел.: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)23112468 е-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет